# THE INFLUENCE OF GOOD RELATIONSHIP BETWEEN THE TEACHERS AND THE STUDENTS IN THE SUCCESS AND THE ACHIEVEMENTS OF STUDENTS

**Valdeta Zenuni-Idrizi, Ph.D**
University in Tetovo-Tetovo, Republic of Macedonia, valdeta.zenuni@unite.edu.mk

**Abstract:** The student's progress and development is a duty and an obligation of the school, and especially of the teacher. In order to achieve successful education of new generations it is necessary to develop and improve the communication as an integral part of modern education. Communication between student and teacher is crucial in establishing the relationship between them. With students' involvement in assessment, we make the school environment more comfortable, especially the relationship between the teacher and the student.For that reason the comunication between the teacher and the student is a major, fundamental issue which has essential importance in primary education work. The results of the teacher's work depend on the quality of communication with the students. Because of that the teacher should always work on student's self confidence, to help and motivate them to achieve the success. It is necessary to exist a trust between the teacher and the student, in which the student should ask the teacher to check his/her achievements and tell if he/she is progressing, where is making mistakes and how the teacher can help to pass these weaknesses.That will allow the students to gain solid information and advice for improving their knowlegde. Everything that we emphasized above, if it is properly adhered, would give to the process of checking and grading a contemporary character. So the aim of the research was to see whether the good relationship between the teacher and the student affects the student′s progress and achievements, in the student's motivation, and also in the objective assessment of the students' achievements. During the realization of this research the instruments that were used are: a questionnaire for teachers and a questionnaire for the students. There were posed to 210 teachers and 210 students from elementary schools.The gained results are generally in favor of the conclusion that this process makes students more independent in the way they learn and take responsibility.
**Keywords:** teacher, student, communication, success, achievements.

# ВЛИЈАНИЕТО НА ДОБРИТЕ ОДНОСИ МЕЃУ НАСТАВНИКОТ И УЧЕНИКОТ ВРЗ УСПЕХОТ И ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Д-р Валдета Зенуни-Идризи**
Универзитет во Тетово -Тетово, Република Македонија, valdeta.zenuni@unite.edu.mk

**Резиме:** Напредувањето и севкупниот развој на ученикот е должност и обврска на училиштето во целина и на наставникот особено. Да се дојде до успешно образование на младите генерации, потребен е развојот и подобрувањето на комуникацијата, како составен дел на современото образование. Комуникацијата меѓу наставникот и ученикот е еден друг суштински елемент во воспоставувањето на добриот однос меѓу нив. Со вклучувањето на учениците во процесот на оценување се подобрува општата клима на релација ученик-наставник. Затоа велиме дека комуникацијата помеѓу наставникот и учениците е од суштинско и фундаментално значење за воспитно-образовната работа во училиштето. Резултатите од работата на наставникот зависат од квалитетот на комуникацијата со учениците. Поради ова, наставникот треба да работи во подигнувањето на самодовербата кај ученикот, да и помогне и да го мотивира да постигне успех. Меѓу наставникот и ученикот мора да постои целосна доверба во која ученикот ќе бара од наставникот да ги контролира нејзините постигнувања и ќе сака да му каже како напредува, каде греши и да му помогне да ги надмине слабостите. Тоа им овозможува на учениците да стекнуваат квалитетни повратни информации и совети за подобрување на своите знаења. Ако горенаведеното правилно се почитува, ќе резултира со една педагошка рамка, која на процесот на проверувањето и оценувањето ќе му даде современ карактер. Целта на ова истражување беше да се утврдува дали добрите односи меѓу наставникот и ученикот имаат влијание врз успехот и постигањата на ученикот, во мотивацијата на учениците и врз објективното оценување на ученичките постигнувања. За потребите на истражувањето, како техника е користена анкета, а како инструменти, прашалник за наставници и прашалник за ученици. Согласно со потребите на истражувањето се анкетирани 210 наставници и 210 ученици од основни училишта. Добиените резултати генерално одат во прилог на констатацијата дека овој процес ги прави учениците понезависни во начинот како тие учат и како самите да ја преземаат одговорноста.
**Клучни зборови**: Наставник, ученик, комуникација, успех, постигнувања.

**1. ВОВЕД**

Проверувањето и оценувањето на знаењата и постигнувањата на учениците, е еден многу сериозен проблем и со научна тежина, со кој се соочуваме секој ден во педагошката пракса. Тоа е движечка сила за активно вклучување на ученикот во процесот на учење. Постигнатиот успех во воспитно-образовната работа, е одраз на заедничката соработка на наставникот со учениците.

Сите овие горенаведени причини не поттикнуваат да се ориентираме да истражуваме во областа на проверувањето и оценувањето на учениците како еден од најважните и најчувствителните сегменти на образовниот процес.

Во трудот се презентира и состојбата во основните училишта во врска со тоа, колку наставниците и учениците сметаат дека добрите односи меѓу наставникот и учениците имаат влијание врз успехот и постигањата на учениците, и тоа врз основа на тестирањето на поставената истражувачка хипотеза дека „*Наставниците и учениците од основните училишта сметаат дека добрите односи меѓу наставникот и учениците имаат влијание врз успехот и постигањата на учениците*“

Поставената хипотеза се верификува врз основа на добиени одговори од спроведена анкета на 210 наставници и на 210 ученици од седум основни училишта од Тетово, Гостивар и Кичево.

**2. ВЛИЈАНИЕТО НА ДОБРИТЕ ОДНОСИ МЕЃУ НАСТАВНИКОТ И УЧЕНИКОТ ВРЗ УСПЕХОТ И ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ**

Обработката на наставното градиво не значи само интерпретација на наставниот материјал, иако и тоа е многу важно, туку значи *обновување и утврдување на знаењата на ученикот, систематизација на тие знаења, постојано следење на работата и квалитетот на знаењата, вештините, навиките, како и оценувањето на учениците.*[212] Во овој контекст како клучен фактор во изведување на реформските зафати и подобрување на квалитетот на училишното образование се посочува *наставникот.* Тоа е една од причините што работата на наставникот ја прави вредна, одговорна и може да се каже и со научна тежина.

Во современата активна настава се внесува нов вредносен систем кој ја видоизменува улогата на наставникот. Наставникот се повеќе треба да негува т.н. пермисивен говор кој го активира ученикот, а во одделението од тишина и здодевност треба да создаде работна атмосфера. Тој е „актер во заднина“, но само навидум. Всушност тој е движечка сила кој во себе ги носи товарот и дилемите на успехот и неуспехот во одделението.[213] Овој момент ја содржи суштината на интерактивната димензија на наставата. Сега овие активности претставуваат заедничка работа со учениците. Поентата се става врз учениковото дејствување и акција. Тој се повеќе се става во ситуација да раскажува, да опишува и слично, а наставникот настојува да го поттикне во тие активности. Успешниот наставник треба да се ангажира околу мотивирањето на учениците и да ги разбира нивните проблеми во учењето, значи треба да има емотивен однос со нив. До суштинско учење може да се дојде ако наставникот е подготвен да го прифати ученикот онаков каков што е, и може да ги разбере неговите чувства. Секој наставник треба да ги разбере ученичките интереси, ставови и вредности.

Во однос на ова, проф. д-р Стојановска В. (2004), констатира дека *неопходен е наставник способен да ги поучува учениците, бидејќи тој не е само предавач, туку и организатор, соработник подготвен да помогне, да ги поттикне и да ги упати учениците во различните процеси на стекнување знаења.*[214] На учениците треба да им се дозволи на многу различни начини да покажат што научиле. Овие моменти говорат за развиена внатрешна мотивација кај учениците кои својата сатисфакција ја наоѓаат во нивното ангажирање во текот на работата. Резултатите од овој интерактивен процес се взаемно корисни и за наставникот (училиштето) и за учениците, а што е најважно може да се градат добри односи меѓу овие две субјекти со што без сомнение ќе се влијае и врз успехот и постигањата на учениците. Воспоставувањето на комуникацијата со секој ученик, од наставникот бара вложување на дополнителни напори. Треба да се запознае секој ученик (со неговите способности, потреби, желби, амбиции, интереси, мотиви и карактерни особини), па според тоа и да се воспостави и регулира комуникацијата. Според Никодиновска-Банчотовска, С. (2008), *комуникацијата меѓу наставникот и ученикот треба да биде слободна, ненаметната,*

[212] Пајковска, Љ. *Оценувањето како составен дел на воспитно-образовниот процес*, Оценка на оценката (стручна трибина), Скопје: Просветен работник, (1993), стр.96

[213] Адамческа, С. *Активна настава*. Скопје: Легис, (1996), стр.41

[214]Стојановска, В. *Дидактички аспекти на соработката меѓу училишниот педагог и наставниците.* Скопје: Форум, (2004), стр.93

*растоварена, но сепак конструктивна и систематизирана. За да се постигнат ефекти при комуницирањето, многу е значајно како комуникацијата ќе функционира.*[215] Откако ќе се запознае ученикот, треба да се стимулира и поттикнува развојот на неговите потенцијали. Со таков приод, наставникот ќе може да управува со сложените процеси на стекнување знаења. Сетто ова, не претставува некоја лесна активност и задача што се реализира брзо, но се разбира, успехот може да се постигнува со заеднички активности и мобилизација на сите субјекти што се заинтересирани за овој сложен процес, и на ваков начин можат да се создадат оптимални услови за реализација на поставените цели во наставниот процес. Имено, воспоставувањето на блиски контакти и искрената комуникација меѓу наставникот и учениците, придонесува секој ученик правилно да ја разбере суштината во секоја ситуација и создава можност за унапредување на работата и јакнење на целокупниот успех во наставата. Ова ќе им овозможи на учениците со разумна и јасна идеја да ги развиваат аналитичките вештини и воедно да создадат соработничка атмосфера во самиот наставен процес.

## 3. СТАВОВИ НА НАСТАВНИЦИТЕ И НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА ДОБРИТЕ ОДНОСИ МЕЃУ НАСТАВНИКОТ И УЧЕНИЦИТЕ ВРЗ УСПЕХОТ И ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИКОТ

Со цел да го согледаме мислењето на наставниците и учениците за влијанието на добрите односи меѓу наставникот и учениците врз успехот и постигањата на ученикот, тргнавме од хипотезата дека ***„Наставниците и учениците од основните училишта сметаат дека добрите односи меѓу наставникот и учениците имаат влијание врз успехот и постигањата на учениците“.*** Добиените резултати, од добиените одговори од страна на наставниците и учениците, ги изнесуваме во *табела бр.1.*

*Табела бр.1. Ставови на наставниците и на учениците за влијанието на добрите односи меѓу наставникот и учениците врз успехот и постигањата на ученикот*

| Дали мислите дека добрите односи меѓу ученикот и наставникот имаат влијание врз успехот и постигањата на учениците? | | *Наставници* | | *Ученици* | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| а) | Многу имаат влијание | 112 | 53,33 | 117 | 55,71 | 229 | 54,52 |
| б) | Понекогаш (ретко) имаат влијание | 78 | 37,14 | 81 | 38,57 | 159 | 37,86 |
| в) | Малку имаат влијание | 11 | 5,24 | 2 | 0,96 | 13 | 3,10 |
| г) | Немаат влијание | 9 | 4,29 | 10 | 4,76 | 19 | 4,52 |
| | *Вкупно:* | 210 | 100,00 | 210 | 100,00 | 420 | 100,00 |

| $\chi2=6,45$ | df = 3 | $p > 0.05$ |
|---|---|---|

Од наведените податоци се гледа дека најголем процент од анкетираните наставници и ученици (54,52 %), се изјасниле дека добрите односи меѓу наставникот и ученикот *многу имаат влијание* врз успехот и постигањата на учениците, значајно во помал процент од нив (37,86 %), се изјасниле за одговорот дека добрите односи меѓу наставникот и ученикот *понекогаш (ретко) имаат влијание* врз успехот и постигањата на учениците, а пак, 3,10 % од нив го избрале одговорот дека добрите односи меѓу нив *малку влијаат* врз нивниот успех, и 4,52 % од анкетираните наставници и ученици, се изјасниле дека добрите односи меѓу наставникот и ученикот *немаат влијание* врз успехот и нивните постигнувања во учењето.

Во одговорите добиени од страна на наставниците и учениците, во однос на ова прашање, не постои разлика меѓу нивните мислења. Ова се тврди бидејќи добиениот Хи – квадрат тест ($\chi2$), кој изнесува 6,45 не е статистички значаен. Ова покажува дека меѓу наставниците и учениците не постои разлика во изкажаното

[215] Никодиновска-Банчотовска, С. *Професионалните компетенции на наставниците.* Скопје: Академски печат, (2008), стр.99

мислење по ова прашање. И наставниците и учениците во најголем процент застапуваат мислење дека добрите односи меѓу наставникот и ученикот *многу имаат влијание* врз успехот и постигањата на учениците.

За да се согледа подобро како се изјасниле по ова прашање наставниците и учениците нивните одговори ги претставуваме на *графикон бр.1*.

*Графикон бр.1. Ставови на наставниците и на учениците за влијанието на добрите односи меѓу наставникот и учениците врз успехот и постигањата на ученикот*




## 4. ЗАКЛУЧОК

Формативното оценување претставува иновација во наставната пракса, а неговото усвојување е процес. Формативното оценување, како новина во наставната пракса, е многу позитивно оценето и прифатено од страна на наставниците, но за негово спроведување е потребна поддршка на училишно ниво, како и од страна на надлежните институции. Доколку, формативното оценување, по пат на соработка се практикува почесто во текот на наставниот процес, несомнено е дека ќе се создаде солидна основа за внатрешна мотивација на учениците за учење. Целта на воспопставувањето на добрите односи е да се влијае врз подобрувањето на учењето за време на самиот процес и да се вклучат учениците во оценувањето на сопствените постигнувања. На тој начин се изградува моралниот лик на ученикот и со ова ќе владее ученичка демократија во училиштето, ќе владее работна атмосфера, а што е најважно, ќе се подобрува односот во релација наставник-ученик и ќе се развиваат позитивните вредности на личноста на ученикот и наставникот. А следствено, тоа ќе им помага на учениците да ја видат и да ја погодат целта, да ја разберат целта, и да се охрабрат самите за поголем успех и постигнување кои својата сатисфакција ја наоѓаат во нивното ангажирање во текот на работата, а задоволството од добиените резултати го доживуваат како успех и лична сатисфакција.

Од добиените резултати во однос на поставената хипотеза, можеме да заклучиме дека наставниците и учениците се флексибилни и прилагодливи на промените кои резултираат со подобри резултати. Тие мислат дека добрите воспоставени односи меѓу нив се едни од клучните фактори кои имаат големо влијание врз успехот и постигањата на ученикот.

Самиот факт дека тие ги ценат добрите воспоставени односи меѓу нив, создава предуслови за поголема мотивираност, подобрување на успехот на учениците и креирање на квалитет во воспитно-образовниот процес според современите стандарди за оценување. Што се однесува на поставената хипотеза дека ***„Наставниците и учениците од основните училишта сметаат дека добрите односи меѓу наставникот и учениците имаат влијание врз успехот и постигањата на учениците“***, со резултатите на ова истражување таа ***се потврдува.***

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Љ. Пајковска, Оценувањето како составен дел на воспитно-образовниот процес, Оценка на оценката (стручна трибина), Скопје: Просветен работник, стр.96, 1993.
[2] С. Адамческа, Активна настава. Скопје: Легис, стр.41, 1996.
[3] В.Стојановска, Дидактички аспекти на соработката меѓу училишниот педагог и наставниците. Скопје: Форум, стр.93, 2004.
[4] С. Никодиновска-Банчотовска, Професионалните компетенции на наставниците. Скопје: Академски печат, стр.99, 2008.